РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- Министерство за европски прашања-

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за европски прашања

Ноември 2024 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/2024), Министерот за европски прашања, донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација
на работните места во Министерството за европски прашања

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за европски прашања под број 01-1127/1 од 01.08.2024 година.

Член 2

Во Член 11, дел III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА, кај Б. СЕКТОРИ, точка 5. СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИСКИ РАБОТИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА кај работното место со реден број 99 шифра УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за организациски работи и односи со јавноста во делот Вид на образование, зборовите Општествени науки- Право, Економија и бизнис или Политички науки се заменуваат со зборовите Општествени науки".

Член 3

Во Член 11, дел III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА, кај Б. СЕКТОРИ, точка 9. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, 9.1. Одделение за управување, стручно усовршување и права и одговорности од работен однос кај работното место со реден број 169 шифра УПР0101Б04001 Раководител на Одделение за управување, стручно усовршување и права и одговорности од работен однос во делот Вид на образование, зборовите Хуманистички науки се заменуваат со зборовите Општествени нау.. Право".

лки-

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-1127/4
15.11.2024 година

**Orhan Murtezani**
**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**

Подготвил: Маја Фузевска –Вељановс.